РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ------- ------------ од П-------, на 28-та седница одржана на ден 29 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-2273/1 од 04.04.2019 година доставена од подносителот ------- ------------ од П-------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2273 од 2019 година кој е оформен врз основа на доставена пријава со број 12-2273/1 од 04.04.2019 година.

Предметот со број 12-2273 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2273 од 2019 година е оформен врз основа на пријава со број 12-2273/1 од 04.04.2019 година, доставена од страна на познат подносител – ------- ------------ од П-------.

Во пријавата се содржани наводи за сомневања наводи за сомневања во работењето на судии при постапување во постапка водена пред Основен суд С----- во која била донесена пресуда од 19.11.2015 година, и во која се бара да се поведе соодветна постапка против предметните судии.

Станува збор за наводи во врска со пресуда во која подносителот на пријавата бил прогласен за виновен по основ на сторено кривично дело прикривање и бил осуден на парична казна со задолжение да ја надомести штетата на оштетената странка по основ на имотно правно барање. Во врска со донесената пресуда било постапено и била платена штетата, но подносителот на пријавата смета дека предметната пресуда била донесена на нејзина штета и се сомнева дека при донесувањето на истата бил повреден законот и има сомневање за корупција и судир на интереси, бидејќи оштетената странка била ќерка на кривичен судија кој работел во овој суд, а кој бил колегијално и другарски поврзан со судијата кој ја донел предметната пресуда, па во случајот, според подносителот, предметниот судија требало да побара свое изземање или пренесување на месната надлежност од овој суд, а Основниот суд Струга не смеел да постапува и суди во овој

предмет. За случајот, била поднесена жалба и до Апелационен суд Битола, кој ја потврдил првостепената пресуда.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и по извршена проверка на законските одредби што ја регулираат предметната материја констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган односно *дека изземање на судија или судија – поротник од вршењето на судиската должност, е регулирано во член 64, 65 и 66 од Законот за парничната постапка и по однос на истото за одреден предмет одлучува Претседателот на Судот, по добиено известување од судијата или по барање на странката, а пренесувањето/определувањето на месна надлежност на надлежниот суд поради изземање на судија се определува од страна на повисокиот суд.* Согласно со констатираното, Државната комисија оцени дека нема надлежност да се произнесува по однос на предметните наводи,

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 февруари 2020 година под бр. 12 - 95/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

По заклучок на ДКСК
Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk